Уп. бр.08-126

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од АИРСТАР ДОО БЕЛГРАД (НОВИ БЕЛГРАД) со седиште на ул. Владимира Поповиќа 8а, 8-ми кат, Нови Белград Србија и ЕЛ&МИ ГРОУП Д.О.О. БЕЛГРАД – НОВИ БЕЛГРАД, со седиште на адреса Јурија Гагарина бр.13, Белград, Србија, преку Адвокатско друштво Константиновиќ и Милошевски од Скопје, на седницата одржана на ден 23.09.2024 година, го донесе следното

## РЕШЕНИЕ

Се утврдува дека концентрацијата со која АИРСТАР ДОО БЕЛГРАД (НОВИ БЕЛГРАД) со седиште на ул. Владимира Поповиќа 8а, 8-ми кат, Нови Белград Србија и ЕЛ&МИ ГРОУП Д.О.О. БЕЛГРАД – НОВИ БЕЛГРАД, со седиште на адреса Јурија Гагарина бр.13, Белград, Србија стекнуваат заедничка контрола над друштвото ФЛИУС ДОО БЕОГРАД д.о.о. Белград со седиште на адреса Јурија Гагарина бр.13, Белград, Србија иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

2.Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

## Образложение

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата, на ден 23.08.2024 година а дополнето на 03.09.2024 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) беше доставено известување за концентрација од страна

на АИРСТАР ДОО БЕЛГРАД (НОВИ БЕЛГРАД) со седиште на ул. Владимира Поповиќа 8а, 8-ми кат, Нови Белград Србија и ЕЛ&МИ ГРОУП Д.О.О. БЕЛГРАД – НОВИ БЕЛГРАД, со седиште на адреса Јурија Гагарина бр.13, Белград, Србија со која АИРСТАР ДОО БЕЛГРАД (НОВИ БЕЛГРАД) Белград Србија и ЕЛ&МИ ГРОУП Д.О.О. БЕЛГРАД – НОВИ БЕЛГРАД, Белград Србија стекнуваат заедничка контрола над друштвото ФЛИУС ДОО БЕОГРАД д.о.о. Белград со седиште на адреса Јурија Гагарина бр.13, Белград.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополната и прилозите кон истото, го утврди следното:

АИРСТАР ДОО БЕЛГРАД (НОВИ БЕЛГРАД) се занимава со изнајмување и издавање на опрема за воздушен транспорт и припаѓа на Групацијата ДЕЛТА ХОЛДИНГ, која е активна во Србија, Македонија и регионот во голем број различни области на деловното работење.

Компаниите или членовите на Групацијата ДЕЛТА ХОЛДИНГ ги извршуваат своите активности во областа на земјоделско производство, производство на храна, извоз, увоз и застапување на странски компании, дистрибуција на стоки за широка потрошувачка, продажба на автомобили, развој на недвижности и развој на нови технологии. Групацијата ДЕЛТА ХОЛДИНГ ги реализира своите деловни активности преку пет организациски единици: ДЕЛТА АГРАР ГРУП, ДЕЛТА ФУД ПРОЦЕСИНГ, ДЕЛТА РИЛ ЕСТЕЈТ, ДЕЛТА ДИСТРИБЈУШН и поделбата на нови технологии, во која е вклучена и компанијата што презема. Покрај на српскиот пазар, групацијата ДЕЛТА ХОЛДИНГ е присутна и на голем број пазари во регионот и Европската Унија.

Групацијата ДЕЛТА ХОЛДИНГ има зависни друштва во Република Северна Македонија со назив: Друштвото за производство, трговија и услуги АНАНАС МК ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул. Столтенбергова бр.4/ла.В/ДП1, Центар, Скопје, со предмет на работење посредување во трговијата со разновидни производи и Друштво за производство, трговија и услуги АНАНАС ШОП ДООЕЛ Скопје со седиште на ул. Столтенбергова бр.4/ла.В/ДП1, Центар, Скопје, со предмет на работење трговија на мало преку пошта и интернет.

ЕЛ&МИ ГРУП Д.О.О. БЕЛГРАД се занимава со производство на електрична енергија.

ЕЛ&МИ ГРУП Д.О.О. БЕЛГРАД припаѓа на група поврзани друштва преку крајниот корисен сопственик на физичко лице. Има позиција на матична компанија во група на компании со сопственост на холдинг компанија во практична смисла. Во рамките на групацијата има повеќе компании кои се занимаваат со различни економски дејности.

ЕЛ&МИ ГРУП Д.О.О. БЕЛГРАД нема зависни друштва на територијата на Република Северна Македонија.

Целното друштво ФЛИУС ДОО БЕОГРАД д.о.о. Белград е основано на 6 март 2024 година во Република Србија. Сопственичката структура на Целното друштво пред спроведувањето на концентрацијата, е таква што 100% од основната главнина на Целното друштво припаѓа на основачот ЕЛ&МИ ГРУП Д.О.О. БЕЛГРАД како единствен сопственик.

Целното друштво нема зависни друштва на територијата на Република Северна Македонија.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (4) и од член 14 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Согласно член 53 став (2) од Законот за заштита на конкуренцијата тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување**.**

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ана Николоска**